**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09-10677/1

24-10-2023
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.12/2023 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Соработник за правна заштита, шифра УПР 0101В03000, на ниво В3, Одделение за правна заштита**,** Сектор за правни работи, се избира кандидатот **Оливер Лазаревски.**

2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 05.10.2023 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.12/2023 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-10019/6 од 10.10.2023 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Соработник за правна заштита, шифра УПР0101В03000, на ниво В3, Одделение за правна заштита, Сектор за правни работи , предложи на Секретарот да го избере кандидатот Оливер Лазаревски.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT